СОС ДЕТСКО СЕЛО МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 08-3042/1
08.08.2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за врабоитување на РМ (АВРМ), Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Гази Баба, Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2016, Програмата Општинско – корисна работа, општина Гази Баба и Агенцијата за вработување на Република Македонија на ден 08.08.2016 година објавуваат:

## Ј А В Е Н   О Г Л А С
## до
## евидентирани невработени лица за вклучување во Програмата Општинско - корисна работа

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект "Поттикнување на правилен ран детски развој преку поддршка на установи за птредшколска возраст на територија на општина Гази Баба" за работно ангажирање со скратено работно време за период од 6 (шест) месеци заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување Скопје.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време со 20 (дваесет) работни часови неделно, при што за време на работниот ангажман од 6 (шест) месеци статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица-корисници на социјална помош за времетраење на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од 6.200,00 денари, што вклучува персонален данок на доход и осигурување од случај на несреќа при работа и професионално заболување.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:
-жртви на семејно насилство
-самохрани родители
-Роми
- невработени лица евидентирани во АВРМ најмалку 1 година
-млади невработени лица евидентирани во АВРМ најмалку 6 месеци
-родители на деца со пречки во развојот.

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :
- 4 (четири) извршители воспитувачи, дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач за предучилишна возраст и дипломиран педагог за предучилишно воспитание со стекнати 240 кредити според ЕКТС или со завршен ВСС – VII/1 степен и важечка лиценца за воспитувач
- 4 (четири) извршители негователи со завршено средно четири годишно образование и важечка лиценца за неговател;
- 1 (еден) извршител дефектолог, со стекнати 240 кредити според ЕКТС или со завршен ВСС –VII/1 степен –Филозофски факултет, со диполомиран дефектолог и важечка лиценца за стручен соработник;
- 1 (еден) извршител логопед, со стекнати 240 кредити според ЕКТС или со завршен ВСС –VII/1 степен –Филозофски факултет, диполомиран логопед и важечка лиценца за стручен работник;